# THE RIGHT TO HEALTH AS A NATURAL HUMAN RIGHT

**Temelko Risteski**
Institute of Knowledge Management, Skopje, RN. Macedonia, temelko_mkd@yahoo.com
**Biljana Spirkoska**
Faculty of Medicine, Skopje, RN. Macedonia, bibispirkoska@gmail.com
**Ana Spirkoska**
Faculty of Medicine, Ljubljana, R. Slovenia, anaspirkoska@gmail.com,

**Abstract:** The basis of the right to health is health as a natural state of human personality. From a sociological point of view, the right to health is a human social right. As a social right, the right to health is the right to have health as a natural state of human being. The main goal of this paper is to perceive the legal nature of the right to health as a human right through the prism of natural law theory and on the basis of international normative acts on human rights, such as: Universal Declaration of Human Rights, International Covenant on Economic, Social and Cultural Rights, European Social charter, Convention on the Rights of the Child, etc.
In the paper the method of content analysis of the mentioned international normative acts is used. The analysis is based on the legal-philosophical assumptions of the theory of natural law. According this theory all human beings are born free and equal in dignity and rights. This theory is an ideological source of most international normative acts on human rights. The analysis of international normative acts on human rights enables a comprehensive overview of the international legal foundations of the right to health as a natural human right, on which the national legislation of individual countries on the protection of citizens' health is based. Among them is national legislation on health protection of the Republic of North Macedonia.
International normative acts on human rights as the Universal Declaration of Human Rights and other above named represent a quality normative-legal basis for the establishment of national normative regulations on health protection citizens based on the legal-philosophical foundations of the theory of natural law. According to this theory, the right to health is an innate human right, which in the practice of normative regulation of the rights of citizens of individual countries is treated as the right to the highest standard of physical and mental health.
Constitution of the Republic of North Macedonia guarantees the citizens of the Republic the right to health care. According the Constitution citizens have the right and duty to protect and promote their own health and the health of others. On the basis of the Constitution, several laws have been adopted for the health care of the citizens of the Republic.
**Keyword:** health, right, citizens, care, regulation

# ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ КАКО ПРИРОДНО ЧОВЕКОВО ПРАВО

**Темелко Ристески**
Институт за менаџмент со знаење, Скопје, РН. Македонија, temelko_mkd@yahoo.com
**Билјана Спиркоска**
Медицински факултет, Скопје, Р.Н. Македонија, bibispirkoska@gmail.com
**Ана Спиркоска**
Медицински Факултет, Љубљана, Р. Словенија, anaspirkoska@gmail.com,

**Апстракт:** Основата на правото на здравје е здравјето како природна состојба на човековата личност. Од социолошки аспект, правото на здравје е човеково социјално право. Како социјално право, правото на здравје е право да се има здравје како природна состојба на човекот. Основната цел на овој труд е да се согледа правната природа на правото на здравје како човеково право низ призмата на природно-правната теорија и врз основа на меѓународните нормативни акти за човековите права, засновани на оваа теорија: Универзална декларација за човекови права, Меѓународна Пакт за економски, социјални и културни права, Европска социјална повелба, Конвенција за правата на детето итн.
Во трудот е користен методот на анализа на содржината на спомenатите меѓународни нормативни акти. Анализата се заснова на правно-филозофските претпоставки на теоријата на природното право. Според оваа теорија, сите човечки суштества се раѓаат слободни и еднакви по достоинство и права. Оваа теорија е идеолошки извор на повеќето меѓународни нормативни акти за човековите права. Анализата на меѓународните нормативни акти за човековите права овозможува сеопфатен преглед на меѓународно-

правните основи на правото на здравје како природно човеково право врз кои се засноват националните законодавства на одделни земји за заштита на здравјето на граѓаните. Меѓу нив е и националното законодавство за здравствена заштита на Република Северна Македонија.
Меѓународните нормативни акти за човекови права како Универзалната декларација за човекови права и други погоре наведени акти претставуваат квалитетна нормативно-правна основа за воспоставување национални нормативни прописи за здравствена заштита на граѓаните врз основа на правно-филозофските основи на теоријата на природното право. Според оваа теорија, правото на здравје е вродено човеково право, кое во практиката на нормативно регулирање на правата на граѓаните на одделни земји се третира како право на највисок стандард на физичко и ментално здравје.
Уставот на Република Северна Македонија на граѓаните на Републиката им го гарантира правото на здравствена заштита. Според Уставот, граѓаните имаат право и должност да го штитат и унапредуваат сопственото здравје и здравјето на другите. Врз основа на Уставот, донесени се повеќе закони за здравствената заштита на граѓаните на Републиката.
**Клучни зборови:** здравје, право, граѓани, грижа, регулатива

## 1. ВОВЕД

Здравјето е најголемата вредност на човекот, а националното здравје е една од најголемите вредности на државата. Правото на здравје е природно човеково право, директно поврзано со правото на живот. Заштитувајќи го здравјето од повреди и болести, човекот го штити својот живот, бидејќи само повредите и болестите можат да му го одземат животот. Здравиот човек е продуктивен човек. Тој произведува нови производи, тој создава нови вредности. Со производство и создавање учествува во градењето на државата како општествена заедница на луѓе, учествува во општествениот напредок. Затоа, од античко време до денес, државите се интересирале за здравјето на своите поданици и ги преземале сите неопходни мерки за да го заштитат.

Сфаќајќи ја социјалната и економската важност на здравјето дури и во античко време, државите се обидувале да го заштитат националното здравје. Тоа го постигнувале со носење различни закони и преземање бројни мерки за спречување на појавата на заразни болести. Ваквите мерки се познати во државите на старите Египќани, Евреи, Грци и Римјани.

Меѓу древните египетски папируси се пронајдени прописи кои пропишуваат грижа за доенчиња, како и прописи за заштита на здравјето од болести кои се појавиле како резултат на големите поплави на земјиштето кои биле предизвикано од излевањето на реката Нил. Врз основа на овие прописи, старите Египќани граделе семејни куќи, а изградиле и цела мрежа од канали кои, покрај економската намена, служеле и за функцијата на правење и одржување на безопасно земјиште за здравјето на луѓето.

Прописите на старите Евреи, за миење раце, за капење, за правилно одржување на бунари и канализации и денес се во употреба во современата хигиена.

Познатиот грчки законодавец Ликург, од 9 век п.н.е., во законот со кој ги регулирал основите на животот во тогашното грчко општество, посветил особено внимание на физичкото зајакнување на младите. Со овој закон за прв пат во историјата се препознава огромното влијание што чистиот воздух, здравата питка вода, здравата почва и заштитата при работата го имаат врз здравјето на луѓето.

Величествените градби и нивните остатоци од времето на старите Римјани се најочигледен доказ за тоа колку тие високо ги вреднувале мерките за здравствена заштита со исушување на мочуриштата, градење канали, изградба на водоводи и јавни бањи. Траги од делата на старите Римјани се наоѓаат на сите балкански простори. Така, римскиот аквадукт кај Скопје доведувал здрава питка вода од изворот во подножјето на Скопска Црна Гора. Римскиот аквадукт изграден за снабдување со вода на палатата на Диоклецијан бил во употреба со милениуми. Старите Римјани создале институција од државни јавни лекари чија задача била да обезбедуваат бесплатна медицинска нега на сиромашните. Физичките вежби кои ги практикувале се непобитен доказ за тоа колку се вреднувало физичкото здравје, како суштински предуслов за духовната сила на личноста. „Mens sana in corpore sano“ била омилена изрека на старите Римјани.

Во средниот век, и покрај тоа што има значителен пад на научната дејност во сите области, дури и во областа на медицината, се преземаат мерки за подобрување на хигиената на феудалните градови и изградба на бањи. При појавата на тешки епидемии на колера, чума, сипаници и други опасни болести кои ги погодувале народите на тогашните држави, биле применувани одредени мерки за нивно сузбивање, кои се базираале на искуствата од претходните тешки времиња. Со цел да се спречи ширењето на инфекциите, средновековните држави го применувале принципот на изолација на пациентите. Имало специјализирани институции за оваа намена. Се донесувале строги прописи со кои било регулирано дека лепрозните болни не

смееле да престојуваат во градовите и населбите. Покрај тоа, биле основани болници. На пример, Дубровник во 12 век имал оддел за изолација, болница за инфективни болести и аптека.

На почетокот на развојот на капиталистичкиот систем, лошите економски услови, особено на работничката класа, имале многу негативно влијание врз општата здравствена состојба во општеството. Силниот развој на производството, особено индустриското производство, предизвикал силен развој на сите науки, вклучително и медицината. Во ерата на развиениот капитализам, капиталистичката држава преземела низа мерки за заштита на здравјето на населението како основен услов за здраво продуктивно население. Првите значајни обиди за нормативно правно регулирање на здравствената заштита на населението се направени во Англија на почетокот на 19 век. Таму, во 1802 година бил донесен првиот закон за фабрики со кој, меѓу другото, биле пропишани основните хигиенски услови за работа во фабричките објекти. Нешто подоцна се донесени прописи за јавна хигиена и социјално осигурување во случај на болест. Државниците, во своите јавни настапи, обидувајќи се да ја обезбедат поддршката од народот, на прво место ја истакнувале важноста на здравјето (Cucic V. 2000).

Развојот на науката и технологијата во индустриското и постиндустриското општество го доведоа до израз зачувувањето на здравјето на населението и улогата на државата во преземањето мерки на овој план. Современото сфаќање на здравствената заштита во светот е условено од брзиот наплив на хуманистичките идеи, од кои многу се вградени во меѓународните декларации, конвенции и други нормативно-правни акти кои пропишуваат меѓународни нормативно-правни основи за активностите на државите во насока на зачувување на здравјето на своите граѓани. Овие идеи се директно условени од развојот на социо-економските односи во современиот свет, развојот на науката и технологијата во целина, а особено во областа на медицината и јасната посветеност на граѓаните од сите земји во светот на концептот кој ќе им овозможи поголем степен на демократија и слобода, подобри услови за живот, а со тоа и подобро здравје.

## 2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ЗДРАВЈЕТО КАКО СОСТОЈБА НА ЧОВЕЧКАТА ЛИЧНОСТ

Основата на правото на здравје е здравјето како природна состојба на човековата личност. Постојат многу сфаќања за тоа што е здравјето како природна состојба на човековата личност, кои се разликуваат, повеќе или помалку, во обид попрецизно да се дефинира таа природна состојба.

Старите Кинези го третирале здравјето како состојба на рамнотежа помеѓу природниот поредок на нештата во човечкиот организам. Доколку се наруши овој ред на нештата, според нив, настанува болест.

Грчкиот филозоф Платон вели дека здравјето е хармонија, која е основа на секое морално однесување.

Здравјето како состојба на рамнотежа на елементите во човековиот организам најдетално го разработил Хипократ. Според него, природата има континуиран стремеж да одржува состојба на стабилност и затоа постојано ги прилагодува и ги приспособува своите елементи со своите сили за да ја зачува рамнотежата. Се додека е во таква рамнотежа, човекот е здрав. Различни влијанија доведуваат до нарушување на рамнотежата по што се појавува болеста. Должноста на лекарот е да и помогне на природата да ја врати рамнотежата.

Според биомедицинскиот модел на третман на човековото здравје, чии почетоци можат да се видат во 16 век и кој го доживеа својот врв во 19 и 20 век, здравјето се третира како совршен работен механизам на човечкото тело (Ламетри – Човек и машина).

Превентивно-епидемиолошкиот модел го третира здравјето како состојба на напори на поединците и општеството да ги избегнат, елиминираат или рано да ги пронајдат ризиците од болеста.

Супербиолошкиот модел или моделот на адаптација, чија основа ја дал Ханс Сели (1946), го третира здравјето како адаптација на поединецот на барањата на околината, сѐ додека таа може да го поднесе. Болеста настанува како резултат на неможноста на организмот да се прилагоди на предизвиците било од внатрешната или надворешната средина.

Според социо-еколошкиот модел, здравствената состојба на поединецот е резултат на меѓусебните односи меѓу два универзума: внатрешен, односно физички и надворешен, составени од повеќекратни влијанија на надворешната средина. Според овој модел, здравјето на човекот може да биде целосно само доколку лицето кое се бори за него не го нарушува здравјето на неговата природна средина.

Раниот социјално-медицински модел на здравје зборува за здравјето на социјалната група и заедница и за здравјето на поединците што ги сочинуваат.

Во својот Устав усвоен во 1948 година, Светската здравствена организација го дефинира здравјето како „состојба на целосна физичка, ментална и социјална благосостојба, а не само како отсуство на болест и неспособност“ (Constitution of WHO).

Имајќи ги предвид горенаведените дефиниции за здравјето, ќе се обидеме да дадеме своја дефиниција која гласи: Здравјето е природна состојба на личноста на човекот како поединец која се карактеризира со

постоење на динамична рамнотежа помеѓу поединецот и неговата природна и социјална средина која е основа на отсуството на болест и непријатност кај него, како и на неговата способност да функционира ефикасно и ефективно што е можно подолго во дадената средина.

## 3. ПРАВОТО НА ЖИВОТ КАКО ОСНОВНО ПРИРОДНО ЧОВЕКОВО ПРАВО И ПРАВО НА ЗДРАВЈЕ

Човекот е дел од природата. Тој е создаден од природата преку еволуција. Како и секое живо суштество на земјата, човекот се раѓа, живее и умира. Периодот од раѓањето на човекот до неговата смрт е периодот на неговиот живот. Тој трае пократко или подолго додека болеста или некоја фатална повреда не го прекине. Животот е најмилиот подарок на природата за човекот и секој сака да го живее среќно, во мир, без вознемиреност и неволја. Како дар на природата, животот на човекот е неприкосновен и никој, освен природата, не може да му го одземе пред да му истече неговиот природен тек. Неприкосновеноста на човечкиот живот го вклучува пред сè неговото право на живот. Човекот поединец е сопственик на неговиот живот и никој не може да одлучува за неговото времетраење и за начинот на неговото спроведување, освен неговиот сопственик. Правото на живот не значи само признавање на индивидуалноста на физичкото, биолошкото и психолошкото битие на човекот. Правото на живот е многу повеќе од тоа. Тоа е право на постоење, на постоење достојно за човек (Orentlicher D. 2021) Оттука, неповредливоста на правото на живот го вклучува физичкиот и психолошкиот интегритет на човековата личност како биолошко творба на природата. Оттаму, правото на живот е извор и услов за низа општествени, политички, културни и други права и слободи со кои човекот се ослободува од мепожелните антрополошки и општествени услови и станува хуманизиран, и како таков свое, слободно, човечко битие (Fremgen B, 2019 ).

Правото на здравје е едно од егзистенцијалните права на човекот како творба на природата. Тоа е најдиректно поврзано со здравјето како природна состојба на човекот. Здравјето, пак, како такво е материјално-правен елемент на правото на живот сфатено во неговото најцелосно значење, како физичко и психичко здравје. Оттука, од аспект на природната теорија на правото, правото на здравје е природно човеково право, бидејќи тоа е елемент на битието на човекот како творба на природата.

## 4. СОЦИОЛОШКИ И ПРАВНИ АСПЕКТИ НА ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ

Од социолошки и правен аспект, правото на здравје е човеково социјално право. Како социјално право, правото на здравје на човекот како социјална единка, иделно гледано, е право да се има здравје како природна состојба на човековата личност, односно на поединечно човечко суштество како припадник на организираната општествена заедница. Но во праксата, гледано од правно социолошки аспект правото на здравје секогаш не се сфаќа како право да се биде потполно здрав, бидејќи да се биде здрав значи да се биде во природна здравствена состојба, а тоа не зависи само од желбата на поединецот, туку и од неговата природна и социјална средина. Затоа, правото на здравје треба да се сфати како право да се ужива највисокиот достапен стандард на физичко и ментално здравје. На крајот на краиштата, вака Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права од 16 декември 1966 година го дефинира правото на здравје.

Дијалектички гледано, правото на здравје е основа или општо право во однос на низа посебни права на едно лице како граѓанин на одредена држава, како што се правото на здравствена заштита, правото на заштита при работа, правото на здравствено осигурување, правото на посебна заштита на мајки, деца и инвалиди, правото на рехабилитација по болест или повреда итн.

Во врска со ова, треба да се истакне дека во остварувањето на правото на здравје на меѓународен план главна улога имаат специјализираните меѓународни организации, меѓу кои на прво место е Светската здравствена организација (СЗО), чија основна цел е постигнување на највисок стандард. на човековото здравје на планетата Земја. Покрај него, од големо значење се и активностите на Меѓународната организација на трудот (МОТ).

## 5. ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ ВО МЕЃУНАРОДНИТЕ ПРАВНИ АКТИ

Правото на здравје е предмет на нормативно регулирање на низа меѓународни правни акти, односно договори како што се: Универзалната декларација за човекови права, споменатиот Меѓународен пакт за економски, социјални и културни права ( Cpllection of HRID), Европската социјална повелба, итн.

Меѓународните правни акти ги пропишуваат мерките што треба да ги преземат државите за да го заштитат правото на здравје. Така, според Универзалната декларација за човекови права (член 25), секој има право на животен стандард кој обезбедува здравје и благосостојба, медицинска нега и неопходни социјални услуги, како и право на осигурување во случај на болест, немоќ, старост и во други слични случаи.

Меѓународниот пакт за економски, социјални и културни права, со член 12, ги обврзува државите договорнички да го признаат правото на секој човек да ужива најдобро физичко и ментално здравје што може да го постигне. За остварување на ова право, државите договорнички се должни да ги преземат неопходните мерки за да овозможат: намалување на бројот на мртвородени деца и детска смртност, како и за здрав развој на децата; подобрувања на сите видови индустриска хигиена и хигиена на животната средина; спречување и лекување на заразни, ендемични, професионални и други болести, како и борба против овие болести и создавање поволни услови за давање медицински услуги за сите граѓани во случај на болест.
Европската социјална повелба предвидува дека во однос на правото на здравствена заштита, државите треба да преземат мерки за што е можно повеќе елиминирање на причините за лошо здравје и спречување на ендемични и епидемиски болести (Dimitrijević, Paunović 1977). Дополнително, таа пропишува обврска за државите да помагаат во образованието и советувањето во областа на унапредување на здравјето. Државите можат да ги преземат овие мерки независно или во соработка со јавни и приватни организации. Овие обврски на државите подразбираат дека тие треба да создадат систем на медицинска и здравствена заштита кој, меѓу другото, ќе треба да вклучува и јавна здравствена служба која им пристапува на граѓаните и обезбедува медицинска заштита на целото население, како и систем на здравствено образование.
Според Конвенцијата за правата на детето (Collection HRID), земјите-членки го признаваат правото на детето на највисоко ниво на здравствена и медицинска нега и рехабилитација. Земјите-членки ќе настојуваат да обезбедат ниту едно дете да не биде лишено од правото на таква заштита. Земјите-членки ќе обезбедат целосно остварување на ова право и особено ќе преземат мерки за намалување на смртноста на доенчињата и децата; обезбедување на неопходна медицинска помош и здравствена заштита за сите деца, со акцент на развојот на примарната здравствена заштита; сузбивање на болести и неухранетост; развој на превентивна здравствена заштита, давање здравствени совети на родителите и децата, укинување на традиционалните обичаи кои го нарушуваат здравјето на децата.

## 7. ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ПРАВОТО НА ЗДРАВЈЕ КАКО ПРИРОДНО ЧОВЕКОВО ПРАВО ВО ЗАКОНОДАВСТВОТО НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Правото на здравје како природно човеково право е имплементирано во Уставот на Република Северна Македонија во групата економски, социјални и културни права. Уставот на Републиката, во член 39 став 1, на граѓаните им го гарантира правото на здравствена заштита. Во вториот став од овој член, Уставот нагласува дека граѓаните имаат право и обврска да го штитат и унапредуваат сопственото здравје и здравјето на другите. Очигледно, Уставот, во однос на правото на здравје, ја напушта индивидуалистичката позиција што произлегува од индивидуалистичката правна филозофија карактеристична за граѓанските општества и се определува за колективистичката позиција. Граѓанинот, покрај сопственото здравје, е должен да го штити и унапредува здравјето на другите членови на заедницата. Кога станува збор за здравјето, тој не може да биде осамен поединец кој се грижи само за своите лични интереси. Тој мора, покрај своите лични интереси, да ги почитува и интересите на другите членови на заедницата. Причинската поврзаност на интересите на поединецот со интересите на другите членови на заедницата е особено нагласена во заштитата на здравјето. Тој не може да биде здрава личност во нездрава заедница. Покрај тоа, здравјето е директно поврзано со животот. Здравјето го чува животот. Болестите и повредите како нарушување на здравјето имаат тенденција да го уништат животот. Природниот нагон за одржување на видот, во конкретниот случај на homo sapiens-от како најсовршениот животински вид, бара од секој граѓанин да се грижи за здравјето на другите. Токму тоа е суштината на природно-правниот пристап на македонскиот устав кон здравјето на македонските граѓани и кон неговата заштита како втора најважна општествена вредност по животот на граѓаните.
Врз основа на споменатите уставни одредби, донесени се повеќе закони од областа на здравствената заштита. Од нив, овде ќе ги наведеме само најважните. Тоа се Законот за здравствена заштита, Законот за јавно здравје, Законот за здравствено осигурување, Законот за лекови и медицински помагала, Законот за заштита на населението од заразни болести, Законот за ментално здравје, Законот за Заштита на правата на пациентите и т.н.
Уставот и законите на Република Северна Македонија ја нагласуваат здравствената заштита како функција на остварување на правото на здравје како природно човеково право. Законот за здравствена заштита, потпирајќи се на Уставот како највисок правен акт на Републиката, во член 2 ја дефинира здравствената заштита како систем на општествени и индивидуални мерки, активности и постапки за: - зачувување и унапредување на здравјето; превенција, рано откривање и сузбивање на болести, повреди и други здравствени нарушувања предизвикани од влијанието на работната и животната средина; навремено и ефикасно лекување и здравствена заштита и рехабилитација. Очигледно е дека Законот на прво место го

става правото на здравје како највисока човечка вредност, а неговото зачувување и унапредување на прво место во системот на активности, мерки и процедури пропишани со него.

Според член 4, став 1 од Законот, секој граѓанин има право на здравствена заштита во согласност со највисокиот можен стандард на човекови права и вредности, односно има право на физички и ментален интегритет и на безбедност на личноста.

На сличен начин, здравствената заштита е регулирана во уставите и законите на другите земји, што е резултата на имплементацијата во нините правни системи на одредбите за правото на здравје и неговата заштита содржани во меѓународните правни акти за човековите права.

## 8. ЗАКЛУЧОК

Здравјето е природна состојба на личноста на човекот како поединец. Тое е непосредно во функција на животот како највисока природна вредност на човекот кој пак е највисока општествена вредност. Затоа правото на здравје е едно од егзистенцијалните права на човекот како творба на природата. Тоа е најдиректно поврзано со здравјето како природна состојба на човекот. Здравјето, од друга страна, како такво, е материјално-правен елемент на правото на живот на човекот сфатено во неговото потполно значење: како физичко и ментално здраво природно суштество. Оттука, од аспект на теоријата на природното право, правото на здравје е природно човеково право, бидејќи тоа е елемент на суштината на човекот како творба на природата.

Од социолошки и правен аспект, правото на здравје е човеково социјално право непосредно врзано со егзистенцијата на човекот како највисока општествена вредност. Поради тоа правото на здрвје е предмет на заштита на меѓународнтие правни акти за човекови права кои претставуваат висококвалитетна нормативно-правна основа за воспоставување национални нормативни прописи за заштита на здравјето на граѓаните врз основа на правно-филозофските основи на теоријата на природното право. Според оваа теорија, правото на здравје е вродено човеково право кое, во практиката на нормативно регулирање на правата на граѓаните на одделни земји, се сведува на право на највисок стандард на физичко и ментално здравје.

Меѓународните нормативни акти за човекови права се имплементирани во Уставот и во законите за здравствена заштита на Република Северна Македонија. Уставот и законите на Република Северна Македонија ја нагласуваат здравствената заштита како функција на остварување на правото на здравје како природно човеково право. Меѓу законите со кои е регулирано правото на здравје секако на прво место доаѓа Законот за здравствена заштита. Според член 4, став 1 од овој закон секој граѓанин има право на здравствена заштита во согласност со највисокиот можен стандард на човекови права и вредности, односно има право на физички и ментален интегритет и на безбедност на личноста. Оваа одредба на Законот непосредо упатува на заклучок дека во зравственото законодавство на Република Северна Македонија најнепосредно се имплеметнирани одредбите на меѓународните правни акти за правото на здравје и неговата заштита.

## REFERENCES

Aruga J. (2018) Zic Family: Evolution, Development and Disease, Springer, Singapore
Cucic V. and oth. (2000) Socijalna medicina, Savremena administracija, Beograd,
Collection of Human Rights International Documents (2001) Pearson Peacekeeping Centre, Cornwallis, Nova Scotia, Canada.
Constitution of the World Health Organization.
Dimitrijević V. i Paunović M. (1977), Ljudska prava, Centar za ljudska prava, Beograd.
Fremgen B.,(2019), Medical Law and Ethics, Pearson Higher Education, www.libgen.is
Jessop A., (2018), Let the Evidence Speak: Using Bayesian Thinking in Law, Medicine, Ecology and other Areas, Springer, www.libgen.is
Johnston C., Sophia R., (2022), Medical Treatment: Decisions and the Law, Boloomsbury Professional, www.libgen.is
Kurapati R., (2018) Physician: How Science Transformed the Art of Medicine, River Grove, www.libgen.is
Law J., (2020), Concise Medical Dictionary, OUP Oxford.
Laws and other regulations in the field of health care of the Republic of Macedonia, the Republic of Croatia, the Federation of Bosnia and Herzegovina, the Republic of Slovenia, the Republic of Bulgaria, etc.
Micović P. drugi. (1986) Socjalna Medicina, Medicinska Knjiga, Beograd – Zagreb.
Orentlicher D., (2021), Maters of Life and Death: Making Moral Theory, Work in Medical Ethics and the Law, Princeton University Press.
Ronaldi V.: The Human Right to Health, internet edition, www.academic.udauton.edu
Stern J. B. (2019), Social Factors in Medical Progress, Columbia University Press.
Устав на Република Северна Македонија.